Архивски број: 0801-282/7
28.09.2021 Година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-282/1 од 02.10.2019 и дополнението на истата бр. 0801-282/3 од 22.07.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, во име на Карате клубот [redacted] од Скопје и [redacted] од Скопје во име на Карате клуб [redacted] од Скопје против Карате федерација на Македонија, претставувана од претседателот [redacted] за извршена директна и индиректна дискриминација во областа на спортот , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл. 27 став 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/2020) на 27.09.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА извршена директна продолжена дискриминација** по основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот од страна на Карате федерацијата на Македонија кон група спортисти-каратисти, членови на карате клубовите „[redacted] и „[redacted]".

### Образложение

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно чл.47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, отвори постапка за предметот бр.0801-282/1 од 02.10.2019, поднесена до Комисијата за заштита од дискриминација и утврди дека претставката треба да се доуреди согласно член 23 од Законот, па на 26.05.2021, со допис бр. 0801-282/2 побара доуредување од Карате клубот „[redacted], претставуван од [redacted]

На 22.07.2021, карате клубовите „[redacted]" од Скопје, застапуван од [redacted] и „[redacted]" од Скопје, претставуван од [redacted], испратија дополнување на претставката, заведено под бр. 0801-282/3. Во истото, тие тврдат дека со донесување на Одлука за измена и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции донесена од страна на ИО на КФМ, на 25 спортисти со право за настап на Светското првенство во Сантјаго, Чиле што се одржало од 23 до 27 октомври 2019, им се оневозможило правото да настапуваат, со што биле ставени во нееднаква положба во споредба со 7 спортисти што настапиле на првенството. Тие потенцираат дека со ненастапувањето на првенството, воспоредба со седумтемина спортисти што учествувале на истото, им биле ускратени повеќе права врз еднаква основа: правото да се натпреваруваат, правото да бидат рангирани во Светската карате федерација, правото да бидат финансирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, правото на стипендирање, правото да добијат награди и признанија и правото на остварување спортски


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

резултати. Според нивните наводи, ваквото ускратување на правата биле дискриминаторски во однос на фаворизираните 7 спортисти, кои ги уживале тие права непречено.

Како прилози на претставката, тие ги доставија и следниве документи:

- Правилник за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на РМ (пречистен текст) од 19.05.2018;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на РМ, донесен од ИО на КФМ на **15.06.2019;**
- Одлука за избор на натпреварувачи за настап на Младинската лига во Умаг, Хрватска, донесена од ИО на КФМ на **03.06.2019**;
- Одлука за критериум за учество на Светскиот куп и младинска лига во Умаг, Хрватска, донесена од ИО на КФМ на **03.06.2019**;
- Одлука за критериум за учество на Светското првенство за кадети, јуниори и постари јуниори У21, донесена од ИО на КФМ на **03.06.2019**;
- Барање во врска со критериумот за учество на Светското карате првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година од Карате клубот [redacted] потпишано од [redacted] до Претседателот и ИО на КФМ, од 07.06.2019.

Согласно член 26 од Законот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 06.08.2021 година прати Известување до КФМ, во кое побара да се произнесат по наводите содржани во претставката и дополнението на претставката во законскиот рок.
На 13.09.2021 година, до КСЗД пристигна Одговорот на претставката, потпишан од страна на полномошникот на КФМ, адвокат [redacted] од Скопје, во кој се побиваат сите наводи за извршена дискриминација содржани во претставката, што ги оценуваат како: *целосно неточни и паушални*, затоа што согласно горенаведениот Правилник на КФМ од 19.05.2018, *била предвидена можност за измени и дополнувања* на Правилникот. Во прилог на Одговорот, освен полномошното за адвокатот [redacted], тие доставија и копии од Правилникот на КФМ од 19.05.2018 и Правилникот за измени и дополнувања на истиот, **без наведен датум на усвојување на истиот.**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, разгледувајќи ја севкупната документација во предметот, утврди неколку факти: ИО на КФМ, со своите три763 горeспоменати Одлуки донесени на **03.06.2019** година, а потпишани од претседателот на КФМ, со кои определил критериуми за учество на Светскиот куп и Младинска лига во Умаг, Хрватска, а не биле во извршил избор на 26 натпреварувачи за настап на Младинската лига во Умаг и определил критериум за учество на Светското првенство во Чиле 2019, каде ги прецизирал условите: освоен медал на младинската лига во Умаг и изборен првак во соодветна тежинска и старосна категорија, но и навел дека: *„селекторот има право да предложи дополнителен предлог до ИО на КФМ за учество на Светското првенство во Чиле врз база на проектот на АМС – млади спортски надежи“*, со што грубо го прекршил Правилникот на КФМ од 19.05.2018 година, бидејќи во чл. 9 воопшто не бил предвиден критериум за настап на СП во Чиле да биде освоен медал на Младинската лига во Умаг.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди и дека ИО на КФМ, на **15.06.2019** година, веројатно под влијание на реакциите од страна на карате клубовите, **накнадно** извршиле измени и дополнувања на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на РМ (пречистен текст) од 19.05.2018 и тоа во членовите 8, 9 , 10 и 11, каде ги измениле дефинираните критериуми за стекнување на статус на репрезентативец за учество на Светски, Европски, Балкански и други видови натпреварувања, со бришење на коефициентите преку кои **меритoрно** се пресметувал спортскиот учинок на секој натпреварувач. Наместо тоа, во изменетиот Правилник, КФМ дозволува дискреционо право на тренерите-селектори да предлагаат списоци на натпреварувачи до ИО на КФМ, **без дефиниран мериторен систем**, со што се отвора можност за создавање на нееднаков третман на спортистите при одредувањето на нивниот репрезентативен статус. Со бришењето на членот 12, кој гласел: ***„Ранг листите на натпреварувачите за освоените бодови согласно методологијата од чл.8 и 9 претставуваат јавен документ и јавно се објавуваат на веб-страницата на КФМ, после секој натпревар од табела 1. Репрезентативец на КФМ за учество на Европско, односно Светско првенство е натпреварувачот кој што е прворангиран согласно табелата дадена во чл.8 и 9"***, ИО на КФМ очигледно имал намера нетранспарентно да ги составува листите на натпреварувачи, без мериторен систем каде предност би имале спортистите со најдобри резултати, со што создал услови одреден број лица да бидат директно дискриминирани при стекнувањето на статус на репрезентативци. Со менувањето на чл.13 од Правилникот, на селекторот-тренер на државната репрезентација, ИО на КФМ му обезбедил дискреционо право слободно да го составува репрезентативниот тим, бришејќи ги условите за избор кои претходно предвидувале тимот да биде создаден од: *натпреварувачи кои во тековната година се рангирани од 1-3 место на Државното првенство/изборен турнир за светското првенство, натпреварувачи кои учествувале на Државно првенство/изборен турнир за светско првенство и не оствариле пласман, но во последните 2 години освоиле медал на Светско првенство, Европско првенство, Балканско првенство, Премиер лига или Светски куп,* со што повторно создале услови за нееднаков третман за одреден број спортисти во споредба со други, што биле фаворизирани.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со Одлуките на ИО на КФМ донесени на 03.06.2019 година, раководните органи на КФМ создале услови одредена група спортисти да бидат ставени во нееднаква положба во споредба со другите и да им биде повредено правото на еднаквост при остварувањето на правата да се натпреваруваат, да бидат рангирани во Светската карате федерација, да бидат финансирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, правото на стипендирање, правото да добијат награди и признанија и правото на остварување спортски резултати при спортски настапи. Ова согласно чл. 8 став 1 и чл. 4 став 1 точка 12 од ЗСЗД , претставува директна продолжена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на спортот.

Дополнително, Комисијата утврди дека измените и дополнувањата на Правилникот донесени на 15.06.2019 година, се создаваат услови за вршење на индиректна дискриминација, која согласно чл.8 став 2 од ЗСЗД, постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми,


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

програми или практики, некое лице или група се ставаат во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или групи.

Врз основа на чл. 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ја донесе следнава

**ПРЕПОРАКА**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ѝ препорачува на Карате федерацијата на Македонија да го укине Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија, донесен од Извршниот одбор на КФМ на 15.06.2019, со што ќе се отстрани повредата на правото на спортистите да се натпреваруваат, правото да бидат рангирани во Светската карате федерација, правото да бидат финансирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, правото на стипендирање, правото да добијат награди и признанија и правото на остварување спортски резултати **во рок од 30 дена и за тоа да ја извести Комисијата**.

Согласно член 27 став 4, доколку лицето до кое е упатена препораката не постапи по истата, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Скопје, 28.09.2021

Доставено до:

- КФМ, адреса: Градски парк б.б. (сала Работнички) Скопје
- Карате клуб [redacted] Скопје, уч. [redacted] Скопје лице за контакт: [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk